ADING
состојка на секоја градба

# АДИНГПОКС ТЕР

*Двокомпонентен епоксиден премаз за површинска заштита на бетонски и челични површини изложен на механички и хемиски влијанија*
*Одговара на EN 1504-2: 1.3(C); 5.1(C); 6.1(C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Епоксиден премаз за хемиска и механичка заштита на бетонски и челични површини во: индустрски објекти, пречистителни станици за отпадни води, бетонски и челични резервоари за нафта и нафтени деривати, хемиски корозивни материјали, танквани, лаборатории, магацини, сл. Се препорачува како завршна обработка на бетонски површини, во услови на хемиски агресии, зголемена изложеност на мехички влијанија, абење и сл.

## СВОЈСТВА

- Екстремно висока хемиска отпорност;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;
- Висока механичка отпорност;
- Висока атхезија на бетонски и метални површини;
- Водонепропусен;
- Нетоксичен во врзана состојба;
- Бактериолошки отпорен;
- Лесен за одржување;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Однос на мешање | - | 3,0:1,0 |
| Густина | EN ISO 2811-1 | А компонента - 1,2-1,3g/cm³<br>Б компонента - 1,05-1,15g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | $w \leq 0{,}1 kg/m^2h^{1/2}$ |
| Отворено време за работа (обработка) на вградениот материјал, на температура од 20°C | EN ISO 9514 | 30-45min |
| Време на врзување на 25°C | - | 5-6h |
| Време помеѓу прв и втор слој на 25°C | - | 24h |
| Цврстина на 7 дена, на 25°C | ISO 868 | 75 Shore D |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 10-35˚C |
| Релативна влажност на воздухот | - | <70% |
| Механичка употреба, на 20˚C | - | по 3 дена |
| Хемиска употреба, на 20°C | | по 7 дена |

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата на која се нанесува Адингпокс ТЕР треба да е здрава, сува, чиста, без масти, прашина и кондензат. Кај индустриските подови подлогата мора да биде хидроизолирана, поради неотпорноста на епоксидните обработки на дејство на негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%, а температурата на воздухот и подлогата при вградување од 10-35°C.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде одлежан најмалку 28 дена, да има минимална јакост на притисок од 25 MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Доколку на конструкцијата има остатоци од цементно млеко, малтер, флеки од боја и масло, тие треба да се отстранат.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување на правилна атхезија. Доколку на подлогата има остатоци од цементно млеко, флеки од боја и масло, или други нечистотии, истите треба да се отстранат. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали.

Метални површини

Челичните површини на кои се нанесува Адингпокс ТЕР, непосредно пред нанесувањето потребно е комплетно да се исчистат со пескарење до степен на чистота SA2½ површина. Површината на која се нанесува материјалот Адингпокс ТЕР треба да биде сува (без можност за појава на кондензација).

**ВГРАДУВАЊЕ**

Кај бетонски подлоги со голема порозност се препорачува нанесување на предпремаз Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ. Нанесувањето се изведува со втријување на прајмерот во подлогата со крзнен валјак. Кај челичните подлоги нема потреба од прајмерирање на површината.

Пред замешување на Адингпокс ТЕР, потребно е А компонентата да се промеша 2-3 минути со електричен бавен мешач (до 300 вртежи/min), по што се додава Б компонентата и се меша до потполно воедначување. Подготовката на количините на материјалот треба да се изврши во согласност со отвореното време за работа, односно во период од 30-45min по замешување на компонентите.

Вградувањето се врши со четка или валјак (со кратки влакна), во два или три слоја. Нанесувањето на вториот/третиот слој се врши на оцврснат претходен слој (најчесто 24h по вградувањето на претходниот слој, на температура од 20°C). Сувослојната дебелината на еден слој од премазот се препорачува да биде од 300-500µm.

За формирање на противклизни подни површини, Адингпокс ТЕР може да се обработи со кварцен посип, кој се нанесува на првиот слој додека сеуште не е започнато врзувањето. Кога површината е сува и цврста се отстранува вишокот песок и се нанесува вториот слој Адингпокс ТЕР.

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ: 0.2-0.30 kg/m²
Адингпокс ТЕР, за два слоја: 0,40-0,50kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сет А+Б: 16kg
А компонента: 12kg
Б компонента: 4kg

Во сет А+Б: 4kg
А компонента: 3kg
Б компонента: 1kg





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-35°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

Достапен во црна и сива боја.

## ТАБЕЛА НА ХЕМИСКА ОТПОРНОСТ

| ТАБЕЛА НА ХЕМИСКА ОТПОРНОСТ | | |
|---|---|---|
| Хемикалии | Максимална промена на маса (%) | Карактеристики на хемиска отпорност и истрајност при контакт со хемикалии |
| **Ксилен** | - 0.5% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **Толуен** | + 0.1% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **Етилен гликол** | - 0.3% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **Етанол** | + 1.0% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **Метанол** | + 2.4% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **10% оцетна киселина** | + 2.6% | Соодветно за повремена изложеност, со редовно одржување на местата кои се во директен контакт |
| **98% оцетна киселина** | Неотпорен | Не се препорачува |
| **20% сулфурна киселина** | + 0.4% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **98% сулфурна киселина** (1) | +0.6% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **37% хлороводородна киселина** (2) | + 0.9% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **97% форфорна киселина** | + 1.2% | Соодветно за долготрајна изложеност |
| **25% азотна киселина** | + 2.6% | Соодветно за повремена изложеност, со редовно одржување на местата кои се во директен контакт |
| **65% азотна киселина** | Неотпорен | Не се препорачува |
| **50% млечна киселина** | + 2.5% | Соодветно за повремена изложеност, со редовно одржување на местата кои се во директен контакт |
| **50% натриум хидроксид** | 0% | Соодветно за долготрајна изложеност |

(1) Изложеност на концентрирана сулфурна киселина причинува формирање на црвенкаст површински слој што може да биде отстранет преку измивање со вода и благи детергенти. Оваа појава не влијае на перформансите на материјалот.
(2) Изложеност на концентрирана хлороводородна и фосфорна киселина може да предизвика минимална промена на бојата. Промените на бојата не влијаат на карактеристиките на премазот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

20

GGAB001/2

EN 1504-2:2004

**АДИНГПОКС ТЕР**

Епоксиден премаз за површинска заштита на бетон, за зголемена физичка и хемиска отпорност на бетонски површини

| | |
|---|---|
| Капиларна апсорпција | **$w < 0.1$ kg/m$^2$ · h$^{0.5}$** |
| Адхезивна јакост со pull-off тест | **≥ 2,0 N/mm$^2$** |
| Отпорност на удар | **Класа I ≥ 4 Nm**<br>**Без појава на пукнатини и деламинација** |
| Отпорност на абразија | **< 3000 mg** |
| Отпорност на силно хемиско влијание | **Класа II: 28 дена без притисок**<br>**≤ 50% намалување на Шор цврстина по третман во тест-течности: бензин; дизел и моторно масло; 10% $CH_3COOH$; 20% $H_2SO_4$; 20% NaOH; 20% NaCl** |
| Отпорност на хемикалии | **Без видливи промени по 30 дена изложеност на хемикалија**<br>**(Тест хемикалии наведени во технички лист)** |
| Реакција на пожар | **Класа F** |
| Опасни супстанции | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот е запалив .
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс ТЕР се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk